**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-45/2**
**Скопје, 18.03.2026 година**

**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и прва седница одржана на 18.03.2026 година**

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и првата седница на Советот, по што го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Констатирање на престанок на мандатот на пет јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје и
2. Разно.

Предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека поради престанок на мандатот на пет јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје и тоа на јавните обвинители Енѓелуше Кадриу Леши, Ивана Трајчева, Марија Ѓоргева, Валентина Бислимовска и Сузана Мирческа Кузмановска, Советот треба да донесе решение со кое јавните обвинители се враќаат во матичните јавни обвинителства од каде биле избрани за јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје.

Членовите на Советот едногласно се согласија да се донесе следниот:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе решение со кое јавните обвинители Енѓелуше Кадриу Леши, Ивана Трајчева, Марија Ѓоргева, Валентина Бислимовска и Сузана Мирческа**

**Кузмановска, поради истекот на мандатот од четири години во ОЈО ГОКК Скопје, се враќаат во матичното јавно обвинителство ОЈО Скопје сметано од 18.03.2026 година.**

Под точка разно од дневниот ред, откако никој не зема збор, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и прва седница на Советот.

Записникот го водел,
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Претседател,**
**Башким Бесими**